


МЦМС, преку прибирање податоци, учествуваше во подготовката на [првата студија] за економската вредност на непрофитниот сектор во седум земји од Западен Балкан (Албанија, БиХ, Косово, Македонија, Црна Гора, Србија) и Турција. Студијата опфаќа информации за економското влијание на секторот, ги мапира и илустрира финансиските капацитети, големината, резултатите и вредностите на секторот во однос на целокупната економија.

**Турција** е земјата во која има **најголем број граѓански организации**, 102.727 (во 2013 година) и **најголем број вработени** во организациите, во однос на другите земји – 50.976. Сепак, гледано **процентуално**, во однос на вкупниот број вработени, **првото место му припаѓа на Косово**, каде вработените во граѓанскиот сектор се 2,58% од вкупниот број на вработени, или во апсолутни бројки – 8.746.

Што се однесува до финансиите, со **1,34% учествуваат приходите на граѓанските организации во Турција** во однос на бруто домашниот производ (**БДП**) на земјата, или во апсолутни бројки околу **8,3 милијарди евра**. Најниското учество е забележано во Албанија, 0,25% од БДП на земјата, а за Косово и Босна и Херцеговина не постојат такви податоци.

Студијата го подржува **процесот на легитимизација** на граѓанското општество и неговите активности особено преку податоците за вработеноста и економскиот раст во непрофитниот сектор. Нејзината цел е и да ја унапреди **достапноста на статистички информации** за карактеристиките на финансиските и човечките ресурси на граѓанското општество. Таа треба да влијае и на **свеста на клучните државни институции** за важноста на секторот за општество и потребата за негова поддршка и одржливост

преку државното финансирање и други извори на средства. Институциите треба е да ја препознаат економската вредност на секторот и да креираат клучни стратегии за одржување на економските и човекови ресурси во граѓанското општество.

Поглавјето со анализи за секоја земја поодделно, дава детално објаснување за ситуацијата со собирање на информации, предизвици, пречки, детални информации од секој партнер, како и специфични препораки за секоја земја со цел да се развијат кампањи за застапување и претставување на систематско и стандардизирано собирање на информации за непрофитниот сектор.

Студијата ја подготви **Дубравка Велат** со поддршка од БЦСДН, а МЦМС учествуваше во неа како партнер во проектот „Аки (Acquis) на балканското граѓанско општество-јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање“ и ја поддржа подготовката на делот за Македонија.

Студијата е достапна на англиски јазик, додека на македонски јазик во електронска верзија ќе биде достапна на веб-страницата на МЦМС на крајот на јануари 2016 г.